# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

# 1

СТРУМИЦА, 2018 ГОДИНА

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Здружение на граѓани- Друштво за наука, литература, култура и уметност „Иван Василевски“ - Струмица

**Главен и одговорен уредник:**

Ана Витанова – Рингачева

**Редакција:**

Никола Шимиќ - Тонин *(Хрватска)*
Марија Павловиќ *(Србија)*
Урсула Келер *(Австрија)*
Васил Дрвошанов *(Македонија)*
Далибор Плечиќ *(Македонија)*
Сузана Мицева *(Македонија)*

**Лектура:**

Васка Кирова

**Дизајн на корица:**

Ване Костуранов

# Воведна реч

Постојат многу проблеми што ја мачат реалноста на сегашноста, но и многу препреки што се поставуваат да ја сопрат, забават и онеспособат културата во Македонија во најширока смисла на зборот. Се чини дека тие препреки понекогаш се резултат на драматичните промени што се случија во новата историја на светот, во којашто полесно е да се замисли завршувањето, одошто крајот на капитализмот. Понекогаш тие се дел од една широко распространета, речиси вирозна немарност во којашто владее единствено правилото на предаторска меркантилност, една профитабилно контролирана суштинска незаинтересираност за сè што излегува надвор од границите на ситните, материјални, ефемерни и пред сè, наметнати потреби. Светските тенденции конкавно ја допираат и Македонија, па некаде помеѓу тие закрвивувања на пораките што доаѓаат, како и дегенерираните варијабли на неолибералноста што суштествуваат кај нас, постои и културата во Македонија, колебливо скокајќи од традиционалноста кон сензанционалноста и назад.

Редакцијата на списанието *Зениш* не се собра да ги решава проблемите во културата, да се спротивставува на светскиот поредок, да брка ветерници низ полето за културен натпревар меѓу народите, ниту да нуди каков било натпревар. Напротив, *Зениш* е списание што ќе отвори неколку страници за нови автори, ќе ревитализира заборавени, ќе преведува големи автори, ќе се обиде да биде макар камен во градењето мостови со регионот и светот воопшто. *Зениш* ќе биде фокусиран на културата и културните настани, на научните текстови од областа на книжевноста, театарот, филмот, визуелната уметност, како и на критички осврти. Исто така, *Зениш* ќе се обиде да влезе на мала врата, речиси низ мал прозорец за да може некаде во иднина и во својот астрономски и вистински хоризонт да ја победи гравитацијата на паланечкиот живот, ретроградноста и некако да подигне некои значајни текстови и автори над почвата; ќе се обиде и скромно, наизглед наивно да ги надгласа монополизмите и анахроностите преку преиспитување на генералниот културен модел што е креиран последните години, ако воопшто го има. На крајот на краиштата, *Зениш е шука, како шшо би рекол Шарл Бодлер, да се нурне, зошшо ѓо ѓори џламен овој, до неџознашошо, да ѓо најде чудесношо ново!*

Редакција

# Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

## Метафорите во сликарскиот дискурс на Ниче Василев

*Ти постојано ги допираш нејзините трепетни очи, со немирни краеви,*

*ти нежно брмчиш околу нејзиното уво како да ѝ раскажуваш некоја тајна*

*и иако таа одмавнува со рака, ти пиеш нектар од нејзините усни*

*– центарот на насладата.*

*О пчело, ти навистина ја постигна целта, а јас талкам во потрага по вистината!*

*„Шакунтали“ - Калидас*

Неверојатна е силата на уметноста, особено на сликарството, во едно мртво време, време на умртвени емоции и чувство за постоење на свет надвор од материјалниот, време кога духот е во криза, таа да опстојува како противтежа на реалноста. Во едно такво време да се одржува жив поривот за создавање уметност и да плови на површина со една дрска достоинственост, спротивставувајќи му се на ветрот, кој дува во спротивен правец, е проклето тешко. Но, такви се уметниците, живеат и творат водени од гордоста и вистината дека ниедно време не е погодно за нив, тие тврдоглаво создаваат давајќи му боја на секојдневието, удавено во сопственото сивило. Само така можеме да ја сфатиме и толкуваме потребата за бегство од секојдневието и во просторот на сликарското ателје да се создава еден друг, паралелен свет, но свет многу посуштински од реалниот. Во тој свет владеат правилата на инспирацијата и поривот, да се оживее мртвата перцепција на опкружувањето. Живеејќи во едно скудно време, време во кое човекот се свртува против самиот себе и води жестока битка со сопствените демони, уметноста во сите нејзини форми се обидува да го врати на изворот, таму каде што се вкоренил. Уметноста во секоја своја форма е еден вид lux in tenebris (светлина во мракот), ненаметлив зрак што се распло-

дува и го пресекува мракот, уништувајќи ја неговата целост. Човекот, немоќен да се справи со сите зла што како фурија ја напуштија Пандорината кутија, неспособен интелектуално да се наметне, заборава дека постои нешто надвор од неговата потреба да обезбеди храна на сопствената суета. Тоа надвор е една визуелна емоција насликана на платно, врамена и поставена на штафелајот на животот, а неа ја создава и артикулира генијалниот сликар.

Низ улиците на малиот, спокоен и убав град,  веќе децении наназад чекори академскиот сликар Ниче Василев, скромен и тивок сограѓанин,  барајќи инспирација што неговите прсти ќе ја преточат во уметничко дело. За себе зборува многу малку, но со она малку што го кажува, како да нè предизвикува да посакаме да затропаме на вратата на неговиот свет, на тромеѓата меѓу четката, боите и платното. „Во моето творештво и во мојот живот се мешаат безброј моменти, случки, зборови, совети… личности коишто на еден или на друг начин, се знаци на патот по кој одам веќе 65 години и за чудо, интензитетот на нивните бои никако не бледнее. Сите нив ги носам во својата папка со цртежи, во кутијата со бои, во џебовите, во седите влакна, во оваа кратка исповед.“ Во овој цитат го препознаваме она што за поетите е ars poetica и недвосмислено оди во полза на аргументот дека, уметниците ја пресоздаваат реалноста, онаа иста реалност што претходно ја доживеале и преживеале. Уметниците чинам, двапати се раѓаат, еднаш обликувани во својот човечки физикус и вторпат како продуховени собития кои создаваат свет што постои како противтежа на материјалниот. Но, нивното удвоено постоење го поништува најстрогиот закон на природата, дека сè живо што се родило, мора еден ден да умре. Прашинки од духот на уметникот остануваат вградени во делото што тој го создава, така остануваат да лебдат над хоризонтот на вечната присутност.

Ниче Василев, скромен и ненаментлив сликар, четири децении ја негува, бдее над љубовта меѓу четката и бојата, љубов што озарена од моќта на раката на сликарот се преточува во најубава слика. Токму во нивниот допир е зачетокот на раѓањето на уметничкото дело, тој допир кој започнува како чиста и невина еротска игра, завршува со дело што суштествува во хаосот на светот, дело коешто има своја форма и содржина, дело коешто според Ефтим Клетников, претставува „една посебна ликовна поезија и поетика со моќен звук и сугестија“. Да се чита поетиката во делото на Василев е навистина предизвик, бидејќи неговите дела може да се читаат како поезија на платно. Боите, формите, изразот на уметничкото дело, во мисловниот свет на набљудувачот разгрануваат долга низа асоцијации што се нижат како гроздови. Сè се тоа метафори насликани на платно. Целосно се согласуваме со констатацијата на Георги Барбаровски дека сликите на Ниче Василев  се чиста лирика. Авторот во своите слики како да бара боја во бојата, како да сака од основниот тон да оплоди совршени нијанси, со кои ќе може да го наслика она што го носи внатре во себе. И наизглед се чини дека тоа го прави со леснотија, а делото што го создава се топи во својата едноставност. И ако во поезијата и во сликарството се

вткаени најсилните и најинтимни одгласи на човековата душа, тогаш кажано со речникот на поезијата, сликите на Ниче Василев се чисти метафори чијшто извор се женското тело и жената како симбол. Жената самата по себе е метафора за животот со сите свои убави, но и помалку убави страни. Природата ја помилувала да биде извор, матка, доилка, да биде животот. А таа, како да си ги додала храброста, гордоста, достоинството, малку нарцисоидност и многу самодоверба. Сите овие атрибути се читаат во потезите на четката на Ниче Василев, како да создава.

На уметничката слика не ѝ треба преведувач, таа зборува на сите светски јазици и пораката што ја носи е универзална, разбирлива за секое човечко битие. Зборувајќи за полезноста на науките, Леонардо да Винчи рекол: „Сликарството, многу повистинито и појасно, отколку зборовите и книжевноста му ги прикажува на разумот делата на природата, но книжевноста повистинито му ги прикажува на разумот зборовите, што не може сликарството“. Ниче Василев во своите уметнички создателства ја прикажува можеби најсовршената креација на природата, жената и женското тело. Дразнејќи го сетилото за вид, сликарот индиректно ги дразни чувствените сетила, предизвикувајќи кај реципиентот чувство на восхит. Неговите жени понекогаш се толку реалистични и сосема едноставни, со говор на тело што е толку гласен, како сцената да се одигрува пред вас, на полето на реалистичниот код. Но, жените на платното на Василев се и тајно замаглени, мистични и загадочни, со што стануваат уште попривлечни за разумот што бара начин како да ја избистри сликата, за да дојде до претпоставената вистина. Жените на сликите на Ниче Василев се жени-симболи. Ако според Лапчевиќ, „симболот се јавува несвесно и е продукт на уметниковата потсвест“, тогаш, овие жени се пресликани токму од сферите на таа потсвест. Таму се раѓа сликата за нив, а се оформува на сликарското платно.

Жената поистоветена со уметноста, тоа е вистината за уметничкиот израз на Ниче Василев. Жената, дури и во нејзината наједноставна појава е совршена инспирација за уметникот, бидејќи неговата перцепција продира длабоко во нејзината анима. Жените на сликите на Ниче Василев поседуваат некоја своја мистичната сензуалност, жени коишто достоинствено ја носат сопствената женственост, грациозно исправени угоре со долгиот и истенчен врат. Тоа се тие спокојнички и осаменички, жени коишто според видувањето на Барбаровски „не викаат и не врескаат“, жени во друштво со осамата, со длабок поглед вперен кон сопственото внатре. Овие жени како да се во потрага по сопственото време и место, каде што би биле сами со нивната природа. Жените од платното на Ниче Василев го владеат просторот што им го дава уметникот, го запоседнуваат, тивко и ненаметливо. Тие како да се појавуваат од никаде, покриени со бисерна прашина, како да ѕиркаат под густината на бојата. Жените на сликите на Ниче немаат дефинирани лица, а сепак изгледаат совршено. Оскар Вајлд во една прилика ќе напише: „Лицето на мажот е негова автобиографија. Лицето на жената е нејзино ремек-дело.“ Токму такви мали ремек-дела се женските лица што ги создава авто-

рот. Ликот на жената со издолжен врат како централен мотив, во уметничкиот свет на авторот ја претставува жената со сета нејзина слобода. Таквата жена, мечтателка, осаменичка, но и заводничка е една поетизирана фигура чиишто метафори се читаат и препознаваат под слојот на бојата. Тие ликови немаат нагласени очи, усни, јаболчници, а сепак поседуваат израз што носи специфично расположение и емоција. Авторот како да му дозволува на набљудувачот, сам, повикувајќи се на својата фантазија, да го оформи ликот на таа жена, да ја замисли и осмисли по сопствено видување и доживување. На тој начин уметноста нежно ги допира сетилата, ги буди предизвикувајќи ги на мегдан со фантазијата. Така, уметникот станува креатор на безброј светогледи. Таа жена може да се перципира како сонувана, замислена, посакувана, недостижна, жена претопена во сите свои атрибути. Во овие уметнички дела се кријат мигови од постоењето, секоја слика уловила миг што крие некаква драматичност, миг на очекување, страв, смиреност, меланхолија, носталгија, вљубеност, еротски занес и слично. Сите тие се емоции пренесени на платно, психологија на постоењето јунговски препознаена и насликана во боја. Авторот како да ја слика жената од прапочетокот, жената изродена од првобитниот хаос и фрлена во сивилото на новиот свет. Некаква праматерија како да се оформува кога се допираат четката и бојата, женскиот принцип воплотен во матката на природата. Такви се и неговите пејзажи, да се претстави руралното што е најблиску до природата. Тоа е само потреба да се врати духот на матицата од којашто се хранел.

Сликите, цртежите, графиките на Ниче не бараат да ги толкувате, да барате логика во формите и боите, тие едноставно бараат да ја откриете нивната убавина и да уживате во неа до бескрај. Тие пред вас се покажуваат во сета своја раскош, рефлектираат емоција што неминовно разбудува, возбудува и вознесува. Сликите на нашиот генијален уметник како да се обидуваат да ја вратат изгубената рамнотежа меѓу умот и духот, како да сакаат повторно да ја сплетат таа нишка, која како конец од предиво некогаш ги поврзувала, иако тенок, но неверојатно цврст. Претворени во духовни инвалиди, во време, како што велеше големиот Фридрих Ниче, на „превреднување на сите вредности“, заборавивме дека духот ни гладува за убав збор, за спокоен звук и убава слика. А убавината, според Старделов, „не е никогаш тоа ако не зрачи самата низ самата себе и неа ништо не може да ја открие и пренесе, освен таа самата“. Затоа сметаме дека сликите на Ниче Василев самите се топат во својата убавина и заведени од погледот на набљудувачот, уште повеќе ја истакнуваат, како жена која, кога знае дека е предмет на нечие набљудување, кокетира истакнувајќи ја убавината до совршенство. Гордоста и привилегијата да се биде современик на Ниче Василев, се претопуваат во длабока почит и искрен поклон за едно безвременско дело, што ги испишува најсветлите страни на современото македонското сликарство.



Ниче Василев ***„Девојка со црвен шешир“*** 50x60cm

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Здружение на граѓани- Друштво за наука, литература, култура и уметност „Иван Василевски“ - Струмица

**Тираж:**

300 примероци

**Адреса**:

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“

ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

**Е-адреса:**

zenitspisanie@gmail.com

Тел: 071/245-155

**Трансакциска сметка:**

Еуростандард банка: 370031100242654

**Компјутерска, графичка подготовка и печат:**

„Графосервис“ - Струмица

Мислењата, ставовите и толкувањата, изразени во ова списание им припаѓаат на нивните автори и не ги одразуваат ставовите на издавачот или на помагателите на списанието.

Доставените материјали треба да бидат до еден печатарски табак, односно 11 страници печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman, фонт 11. Материјалите се доставуваат по е-маил. Ракописите не се рецензираат, не се хонорираат и не се враќаат.

# Пријатели на списанието „Зенит“

Општина Струмица

ДИЈАГ доо Скопје